# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА НАЦИОНАЛНАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИ

2024 година

Автори на годишниот извештај: Жарко Јевтиќ
Ко – автори: Билјана Петровска – Митревска, Стеван Орозовиќ
Техничка поддршка: Виданка Мартиновска
Лектура: Александра Мојсова

# Содржина

За Националната федерација на фармери (НФФ) .....3
ВИЗИЈА.....6
МИСИЈА .....6
ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ.....10
- **ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ (ГС)** ..... **Error! Bookmark not defined.**
- **УПРАВЕН ОДБОР (УО)**..... **Error! Bookmark not defined.**
- **ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА**..... **Error! Bookmark not defined.**

ЧЛЕНСТВО ..... **Error! Bookmark not defined.**
АКТИВНОСТИ, ПРОЕКТИ И ЛОБИРАЊЕ.....12
Проект „Поддршка на малите земјоделци во Северна Македонија “ ..... **Error! Bookmark not defined.**
Проект „Организациски развој на НФФ и подобрени пазарни врски за малите фармери и производители од руралните области со цел зголемен приход“ ..... **Error! Bookmark not defined.**
Проект „ Подобрување на вработливоста на руралните жени преку ProfillPASS..... **Error! Bookmark not defined.**
Проект „Развој на локалната индустрија во земјоделските региони преку зајакнување на капацитетите на менаџмент и маркетинг “..... **Error! Bookmark not defined.**
ДРУГИ НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ ( Меѓународен ден на руралната жена, Конференција за жени во Тузла, Форум климатски промени, посета на државен секретар на Германија, Амбасадор на САД и посета на пратеници од Шведски парламент) ..... **Error! Bookmark not defined.**
МЕДИУМИ ..... **Error! Bookmark not defined.**
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ.....23

## За Националната федерација на фармери (НФФ)

Во 2024 година, невладините организации во Репубилка Македонија, вклучувајќи ја и Националната федерација на фармери (НФФ), работеа во сложена социо-економска средина, што значително влијаеше врз земјоделците и руралните заедници. Земјоделството остана клучен столб на националната економија, но секторот продолжи да се соочува со постојан негативен трговски биланс. Овој проблем беше дополнително засилен од ограничувањата на домашниот производствен капацитет и растечката побарувачка од страна на потрошувачите. Економските притисоци создадоа дополнителен товар врз руралното население, од кои многумина веќе се соочуваа со значителни тешкотии.

Руралните области во Македонија и натаму се соочуваа со оптоварувањето од широко распространета економска и социјална сиромаштија, ограничениот пристап до основни услуги како што се здравството и образованието, како и сè поизразените последици од климатските промени. Овие предизвици ја потенцираат неопходноста од стратешки и таргетирани интервенции за поддршка на малите земјоделци, подобрување на руралните животни услови и унапредување на одржливите земјоделски практики. Националната федерација на фармери континуирано укажува на овие горливи прашања, залагајќи се за сеопфатни политики и програми кои ќе помогнат во подобрување на состојбата на ранливите рурални заедници.

Еден од најголемите и најзагрижувачки предизвици со кои се соочуваме како земјоделци е континуираната миграција и недостатокот на интерес кај младите да ја гледаат својата иднина во земјоделството. Овој проблем е особено изразен кај младите и жените од руралните средини, кои во сè поголем број се иселуваат во урбаните центри или заминуваат во европските земји во потрага по подобри економски можности. Загрижувачки е што стапката на миграција од руралните подрачја веќе достигна алармантно ниво од 50%, што силно ја нарушува демографската структура на овие заедници и нивниот економски опстанок.

Друг критичен проблем во земјоделскиот сектор е забрзаното стареење на работната сила и очевидниот недостаток на нови работници. Во сите сегменти на земјоделството се чувствува сериозен недостиг на работна сила, а моментално најголемиот дел од активните работници во овој сектор се на возраст од над 50 години. Ова ја доведува во прашање одржливоста на земјоделското производство на долг рок, бидејќи без подмладување на работната сила и стимулирање на младите да се ангажираат во овој сектор, земјоделството во земјата може да се соочи со уште поголеми предизвици во иднина.

За да се надминат овие проблеми, неопходни се стратешки политики и конкретни мерки кои ќе го направат земјоделството поатрактивна професија за младите, преку подобрување на условите за работа, обезбедување на финансиски стимулации и зголемени инвестиции во модернизација на земјоделската инфраструктура, што ќе придонесат за подобар поглед кон земјоделска кариера, на која истовремено може да се гледа како на одржлив и здрав бизнис, во чекор со одржливиот развој и климатските промени на глобално ниво. Исто така, потребно е да се развијат програми за едукација и поддршка на младите земјоделци, како и да се создадат подобри можности за жените во руралните средини, со цел да се намали трендот на иселување и да се обезбеди одржлив развој на руралните заедници.

Еден од најзначајните фактори во справувањето со овие предизвици беше поддршката и партнерството со We Effect, со финансиска поддршка од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (SIDA). Нивното долгогодишно искуство во регионот, заедно со цврстите стратешки партнерства, одигра значајна улога во зајакнувањето на руралните заедници,

економското осамостојување на помалите земјоделци и унапредувањето на родовата еднаквост во земјоделството. Сепак, во последниот период се појавија одредени неизвесности во врска со иднината на програмата за граѓанско општество (CIVSAM) на SIDA во Македонија, што предизвика загриженост во однос на континуитетот и стабилноста на постојните партнерства.

Со оглед на овие предизвици, од суштинско значење е НФФ да се приспособи на променливата финансиска средина, да се залагаме за нова континуирана меѓународна поддршка и да истражиме алтернативни извори на финансирање, со цел да обезбедиме трајна отпорност и видлив напредок на руралните заедници во Македонија.

Во текот на 2024 НФФ го имплементираше проектот „Поддршка за малите земјоделци во Северна Македонија" како клучен механизам за поддршка од We Effect во рамките на Стратегијата на НФФ 2023 - 2027. Оваа поддршка се заснова на главната цел – обезбедување на неопходно финансирање и ресурси за задоволување на потребите на членовите и воспоставување одржливи механизми за развој на Националната федерација на фармери.

Поддршката е структуирана околу четири основни стратешки цели, секоја од нив јасно дефинирана и со фокус на поттикнување на раст, инклузија и зајакнување на руралните заедници. Главни корисници на поддршката и стратегијата на НФФ се: малите земјоделци, жените и младите групи, маргинализираните рурални заедници, локалните земјоделски организации и земјоделските задруги низ целата земја.

Покрај ова, продолживме и со имплементанција на проектот "Зголемување на приходите и социо-економско зајакнување на ранливите и маргинализираните групи од руралните и приградските подрачја" во времетраење од 4 години, односно во периодот од 2021 до тековната 2025 година.

Во 2024 година, напорите на проектот беа насочени кон интервенцијата за производствени групи, структурирана во три главни насоки, и тоа:

- Формирање на групи на производители,
- Унапредување на законската рамка и мерките за поддршка,
- Промоција на зголемено поврзување со пазарот за малите земјоделци и регистрираните оператори со храна.

Во секоја од овие насоки се постигнаа значајни резултати. Во првата насока, повеќе од 150 земјоделци – мажи, жени, а особено млади – беа информирани, обучени, при што мноштвото од нив настапија со изразен интерес за приклучување кон производствени групи. Знаењето за бенефитите од делувањето на овие групи се зголеми, а сите важни информации беа споделени. Сепак, постојат предизвици и бариери во однос на свесноста, информираноста, и ангажираноста, кои бараат континуирани напори за нивно надминување и подобрување.

Во втората насока, постигнат е значителен напредок во Законот за земјоделство и рурален развој, каде работната група вложи интензивни напори за негово усогласување со директивите на ЕУ, истовремено адресирајќи ги специфичните потреби на малите производители.

Во третата насока, успешно беа организирани три промотивни настани, секој со повеќе од 100 учесници-земјоделци, кои претставија богат и разновиден спектар на висококвалитетни агрикултурни производи од својот домен. Овие активности доведоа до подобрено пазарно поврзување, диверзификација на понудените производи и зголемени приходи за земјоделците. Регистрираните оператори со храна ја зголемија својата бизнис-видливост, го проширија својот пазарен досег и успешно се позиционираа во конкурентниот пазар.

Во 2024, НФФ продолжи со имплементација на проектот “Подобрување на вработливоста на руралните жени преку *ProfilPASS*“ кој е поддржан од регионалните проекти „Социјално вклучување на ранливи групи во Западен Балкан“ и „Поддршка на диверзификацијата на економските активности во руралните подрачја во Југоисточна Европа (SEDRA II)“ спроведени од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ). Една од целите на проектот е да допринесе за подобрување на социо-економскиот статус на руралните жени во Северна Македонија, преку методологијата ProfillPass, која овозможува идентификација на вештините и компетенциите во насока на нивна интеграција на пазарот на трудот.

Понатму, НФФ продолжи со успешната имплементација на проектот "Развој на локалната индустрија во земјоделските региони преку зајакнување на капацитетите на менаџмент и маркетинг". Овој проект беше поддржан од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA). Главната цел на овој проект е да се постави моделот на "Едно село - Еден производ" во селото Тимјаник во Неготино со акцент на промоцијата на маџунот како автентичен локален производ. Идејата зад оваа цел беше да се промовираат принципите и стратегијата на OVOP (Едно село - Еден производ) преку претставување на конкретен пример на производ, што ги претставува специфичностите на локалната заедница. Оваа иновативна методологија беше воведена преку акциски план разработен од претставник на НФФ учесник, којшто бешепретходно обученод JICA за воспоставување на овој модел и методологија во руралните заедници на Република Северна Македонија.

Подоцна во текот на 2024 година, НФФ започна со имлементација на Hort2Future кој е дел од новата Living Lab методологија на ЕУ. Овој четиригодишен проект, е со учество на 18 партнери од ЕУ, а се имплементира под координација на Бизнис Школата од Копенхаген. Целта на проектот е замена на тресетот кој има широка употреба во земјоделствотото со други, алтернативни супстрати со цел намалување на негативниот ефект по биобалансот и природата. НФФ како дел од овој проект ќе спроведе неколку активности во следните четири години, меѓу кои и 2-3 пилот фарми како дел од проектот.

Како дел од својата редовна активност во делот на информирање и едукација, НФФ во 2024 година издаде 2 броја на единственото списание за земјоделство и рурален развој „Моја земја“,  и тоа во ноември 2024 и декември 2024.
Во своите активности, НФФ посвети посебно вниманиена функционирањето и економско јакнење на малите оператори за храната, преку интензивна промоција на правилниците и државните програми за поддршка на малите оператори за храна, доближувајќи ги до нив со своето активно учество на саемски манифестации, како и организација на саеми наменети за малите оператори за храна, руралните жени и младите земјоделци, за нивна подобра презентација, видливост и пласман на домашниот пазар.

Во областа на лобирањето и застапувањето, Националната федерација на фармери (НФФ) одигра примарна улога во процесот на ревидирање на Стратегија за земјоделство и рурален развој, како и во унапредувањето на законската регулатива поврзана со земјоделството и руралниот сектор. НФФ преку активно учество во креирањето на овие политики, значајно придонесе за подобрување на позицијата на земјоделците, обезбедувајќи им глас и застапеност на интересите на земјоделците, специфично на малите производители, со што осигура соодветна претставеност на истите.

Понатаму, НФФ продолжи со активно фасилитирање на координативната група за измена на Законот за земјоделство и рурален развој, со посебен фокус на подобрување на статусот и условите

за групите на производители. Истовремено, организацијата активно го предводи процесот на координација помеѓу сите релевантни институции со цел пронаоѓање системско решение за породилното и боледувањето на регистрираните индивидуални земјоделки и земјоделци, што претставува значаен чекор кон социјална заштита на земјоделската популација.

Еден од најзначајните аспекти на работата на НФФ е нејзината родова сензитивност. Сите активности и заложби на организацијата активно ја промовираат родовата еднаквост, што е една од шесте главни компоненти во Стратегијата на НФФ за периодот од 2023 до 2027 година. НФФ спроведува сопствена родова политика, која обезбедува јасна рамка за идентификување, спроведување и координирање на интервенции насочени кон постигнување на еднакви можности за жените во руралните средини. Главен акцент е ставен на јакнење на капацитетите на руралните жени, унапредување на нивна економска независност и подобрување на нивниот пристап до ресурси и услуги.
Како резултат на посветената работа на НФФ, поддржана од We Effect, извршени се значајни промени во националните политики за поддршка на жените во руралните средини, особено жените фармери. Овие промени овозможуваат креирање на ефективни мерки за економско зајакнување и социјална сигурност на жените во земјоделскиот сектор, што претставува суштински чекор кон подобрување на нивниот општествен и економски статус.

Националната федерација на фармери со сите членови, Генералното собрание, Управниот одбор и извршната канцеларија ќе продолжи со своите активности под единствениот слоган

**ЗАЕДНО СМЕ ПОСИЛНИ!**

## ВИЗИЈА

НФФ, како идеална, јасна, сакана и предвидлива слика за иднината ја има следнава визија, сумирана во краткиот слоган: **„ПРОФИТАБИЛНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО – СТАБИЛНО СЕЛО“.**

## МИСИЈА

НФФ преку здружување, организација, соодветна едукација на земјоделците и други фактори кои влијаат врз развојот на македонското земјоделство, ја дефинира својата мисија која гласи:

**„ОРГАНИЗИРАН ФАРМЕР ЛИДЕР ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ И РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”.**




ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА НФФ

ЧЛЕНОВИ НА УПРАВЕН ОДБОР НА НФФ ВО 2019




Васка Мојсовска, Претседателка на НФФ




Мемет Синани




Стеванче Јорданоски




Фросина Ѓоргиевска




Ванчо Кировски




Иван Вангелов



Васил Коцевски




Вангелина Пармачка




Стеван Орозовиќ, Извршен Директор на НФФ



**Генерално Собрание на НФФ 2024 година**

Љубе Пампулевски - Претседавач на собранието

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ

Организациската поставеност на НФФ ги опфаќа следниве тела:

### ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ (ГС)

Генералното собрание на НФФ е највисок орган составен од редовни членови на НФФ кое се одржува еднаш годишно.

Во текот на оваа година, НФФ го организираше годишното Генерално собрание на НФФ на 26.04.2024 година во амфитеатарот на Факултетот за земјоделски науки и храна. Со овогодинешното генерално собрание претседаваше Љубе Пампулевски.

- На 26 април 2024 година, НФФ го одржа своето Генерално собрание во два дела:

Формален сегмент: Презентирање на резултатите од клучните проекти поддржани од Шведска, We Effect, GIZ и JICA, вклучувајќи иницијативи насочени кон поддршка на малите земјоделци, руралните жени и економската диверзификација во руралните области.

- Работен сегмент: Дискусиите се фокусираа на зајакнување на групите производители и формализирање на законски решенија.

На Годишното собрание на НФФ усвоени се следниве клучни документи:

- Годишен извештај и буџет на НФФ (2023)
- Програма и буџет на НФФ (2024 година)
- Стратегија за развој на НФФ со четири стратешки фокуси:

1. Организациски развој,

2. Лобирање и застапување,
3. Економско зајакнување на младите и жените и пазарно поврзување
4. Поддршка на ранливи групи во руралните средини

Годишното собрание донесе одлука да се зголеми годишната членарина за индивидуални членови од 500 на 750 денари и за групни членови од 2000 на 3000 денари (МКД).

**УПРАВЕН ОДБОР (УО)**

УО се состои од 9 члена што се избираат на изборна седница со мандат од 4 години. Управниот одбор од својот состав бира претседател на Националната федерација на фармерите на РМ, кој е и претседател на УО. Во составот на Управниот одбор се отсликува демографскиот состав на здружението, особено етничката, родовата и младинската застапеност.

УПРАВНИОТ ОДБОР Е СОСТАВЕН ОД:

- Претставник на мрежа на жени;
- Претставник на мрежа на млади;
- Претставник на земјоделски задруги;
- Претставник на фокус-групи;
- Претставник на малите земјоделци;
- Претставник на малите земјоделци;
- Претставник на земјоделски здруженија;
- Претставник на земјоделски здруженија;
- Извршен директор по функција.

**Во текот на 2024 година УО на НФФ одржа 4 седници:**

- **22.03.2024 година, ЗООМ состанок** – на која се разговараше за тековните активности на НФФ, како и организација на Собранието.
- **15-16.04.2024 година, Берово** – Националната федерација на фармери одржа состанок на УО на НФФ на која што се усвојуваше делегатската листа и прием на редовни членови на НФФ. На состанокот во најголем дел се зборуваше за групите на производители и за планираните активности.
- **18- 19.09.2024 година, Велес** – НФФ ја одржа третата седница на Управниот одбор на која се работеше на предизвиците во земјоделството, подготовка на материјал за лобирање и застапување за средби со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Цветан Трипуновски, статусот на активностите со групи на производители и идни активност, како и справување климатските промени.
- **16-17.12.2024 година, Скопје** – НФФ го одржа последниот состанок на Управниот одбор на НФФ на кој се усвоија планот и буџетот на 2025 и се направи пресек на активностите со групи на производители. Исто така се разгледаа препораките на НФФ за ревидирање на Стратегијата за земјоделство и рурален развој и се подготвки документ со препораки за Програмата за директни плаќања и Програмата за рурален развој

**ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА**

Во извршната канцеларија на НФФ работат:

- Извршен директор, кој воедно е член на УО на НФФ,
- Проект-менаџер,
- Административен и финансиски координатор,
- Административен асистент
- Ко-фасилитатор

**ЧЛЕНСТВО**

Националната федерација на фармери работи со визија за профитабилно земјоделство кое ќе овозможи стабилни села во земјата. Со мисија за обединување на земјоделците како движечки фактор на развојот во земјоделството, организацијата постои долги години со **голем број членови** (локални здруженија, земјоделски задруги, групи производители, индивидуални земјоделци, мали земјоделски претпријатија).

Здружението има **придружни и редовни членови.**

**Придружен член** е секој член што платил членарина и што пројавува интерес за земјоделството и рурален развој.

**Редовен член** е секој член што задоволува одредени критериуми кои ги утврдува организацијата јавно и транспарентно објавени.

Редовните членови имаат право да избираат членови на органите на здружението, да бидат избирани како членови на органите на здружението и да учествуваат во Генералното собрание. Здружението во својот состав има два подтипови на редовни и на придружни членови:

- **групни** членови се земјоделски здруженија, регионални и национални сојузи, земјоделски задруги или трговски друштва и земјоделски стопанства во земјоделскиот сектор **индивидуален** член би можел да биде секој жител на РМ инволвиран во земјоделството.

## АКТИВНОСТИ, ПРОЕКТИ И ЛОБИРАЊЕ

**Организацијата во 2024 имплементираше околу 100 активности кои влијаат врз:**

- подобрување на опкружувањето за работа на земјоделците (земјоделски стратегии, земјоделска политика, мерки за поддршка во земјоделството итн.),
- зголемување на конкурентноста преку нови производни технологии, маркетинг и менаџмент за земјоделски задруги и мали производители,
- информирање и едукација преку единственото македонско списание специјализирано за земјоделство и рурален развој „Моја земја“,
- организирање студиски посети, саемски манифестации, средби меѓу производители и преработувачи,
- поддршка на претприемаштво кај млади и жени фармери и др. Своите активности ги реализира благодарение на поддршката на Сида, We Effect, GIZ, ЕУ, JICA, ФАО и во партнерство со мноштво слични организации и институции од земјата и од светот.

## ПРОЕКТИ

### ПРОЕКТ: „ПОДДРШКА НА МАЛИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“

Проектот „Поддршка на малите земјоделци во Северна Македонија “ е поддржан од Шведската организација за развој We Effect и Шведска и се карактеризира со партнерство со висок степен на доверба, континуиран дијалог за стратешки развој, морална и техничка поддршка.
Финансиската поддршка е наменета за целосна поддршка за имплементација на НФФ стратегијата во насока на развој и остварување на заедничките интереси на малите земјоделци и ранливите категории на граѓани кои живеат во руралните заедници.

**ЦЕЛ:** Целта на проектот е имплементацијата на НФФ стратегијата за развој која се извршува од 2023 -2027 како и подготовка на новата стратегија за НФФ.

**КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ ВО 2024:**
Во текот на 2024 година НФФ реализираше разновидни активности и зазема интерактивно учество на значајни настани.
Националната федерација на фармери (НФФ) постигна значителен напредок во различни области, фокусирајќи се на градењето капацитети, подобрување на постојните процесите и зајакнување и формирање на стратешки соработки.

**Градење на капацитети**
НФФ континуирано инвестира во обуки за подобрување на вештините и компетенциите на членовите на својот тим, особено во антикорупциските мерки и управувањето со проекти. Овие напори обезбедуваат НФФ да остане транспарентна и ефикасна организација.

**Управување со промени и подобрување на процесите**
За да се прилагоди на новите технологии и регулаторните промени, НФФ имплементира структурирани процеси за управување со промени. Дополнително, оперативното рационализирање ја подобри ефикасноста и продуктивноста во организацијата. За да се подобрат процедурите на НФФ, беше подготвен Прирачник за управување со средства и беше воспоставен Систем за свиркање. Управниот одбор на НФФ одржа четири состаноци за зајакнување на напорите за управување и застапување.

**Зајакнување на соработката**
НФФ активно ја продолжи соработката со владини институции, приватни компании и невладини организации за справување со земјоделските предизвици и застапување за подобрувања на политиките.

**Генерално собрание на НФФ**
На 26 април 2024 година, НФФ го одржа своето Генерално собрание во два дела:
Формален сегмент: Презентирање на резултатите од клучните проекти поддржани од Шведска, We Effect, GIZ и JICA, вклучувајќи иницијативи насочени кон поддршка на малите земјоделци, руралните жени и економската диверзификација во руралните области.

Работен сегмент: Дискусиите се фокусираа на зајакнување на групите производители и формализирање на законските решенија

**Застапување во Обединетите нации – Претсесија Универзален периодичен преглед (UPR)**
НФФ учествуваше на претсесијата на Обединетите Нации за универзален периодичен преглед (UPR) во Женева од 11-15 февруари 2024 година, каде што во својот извештај се фокусираше на: нагласената рурална сиромаштија и маргинализација на жените, младите и лицата со попреченост со јасни конкретни препораки. Во рамките на претсесијата, НФФ реализира средби со амбасадите на Хрватска, Шведска и ЕУ делегацијата во Женева. Воедно се инцира и средба за започнување на процесот за членство во Светската организација за рурални жени.

**Учество во дискусии за креирање политики**
НФФ активно придонесуваше во дискусии за креирање земјоделски политики во текот на 2024 година
- Состаноци на потсекторските групи за грозје, месо, пченица, млеко, семе и саден материјал и овошје и учество во Комитетот за ИПАРД.
- Консултации за новата Национална стратегија за консолидација на земјиштето (2024-2034).
- Средби со министерот за земјоделство (26.06.2024) за воспоставување интервенции на организации на производители и стратегии за адаптација кон климатските промени.
- Средби со германското земјоделско аташе за зајакнување на соработката.
- Активно учество во Националната конвенција за ЕУ, фокусирајќи се на трансфер на земјоделско знаење и иновации (АКИС) и перспектива на ЕУ.
- НФФ одржа средба со новиот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Цветан Трипуновски, на која беше истакнато дека земјоделството во земјава треба да се гледа како професија, а не како социјална категорија. НФФ подготви препораки за Програмата за субвенционирање и Програмата за финансиска поддршка за рурален развој.
- НФФ зеде учество во јануари зеде активно учество на Собраниската комисија за здравство каде што ги презентира своите активности и заложби за регистрираните индивидуални земјоделки да остварат право на породилно отсуство.
- НФФ на 14.10.2025 учествуваше на Собраниската комисија за еднакви можности каде што ги презентира заложбите на организацијата за подобрување на економскиот и социјален статус на жените од руралните средини. На самата седница беше презентиран и извештајот на Државниот завод за ревизија наменет за руралните жени.

**Климатски промени и напори за одржливост**
На 2 декември 2024 година, НФФ го организираше Форумот за климатски промени, презентирајќи длабински анализи за земјоделските политики и практики, наводнувањето на културите и маргинализираните групи.
Главните препораки на форумот вклучуваат:
- Давање приоритет за адаптација на земјоделството во националната развојна агенда.
- Развој на национален план за прилагодување кон климатските промени и распределба на државни средства за мерки за климатска адаптација во земјоделството. Подобрување на руралната инфраструктура и системите за наводнување.
- Формирање на меѓусекторска работна група за климатски промени во рамките на Министерството за земјоделство, за координација на политиките и мерките

**Реализирани посети**

**1. Студиска посета на Словенија (јануари 2024)**
Претставници од Мрежата на млади фармери на НФФ учествуваше во студиска посета со цел запознавање со системите за поддршка на младите фармери во Словенија.

**2. Теренска посета со Министерот за земјоделство на РСМ (Март 2024 година)**
Дискусиите на оваа теренска посета беа насочени кон проблемите и предизвиците за жените од рурални средини и промовирање на програмата за социјална сигурност на жините кои вршат земјоделска дејност.

**3. Посети со меѓународни делегации**
Во текот на 2024 година беа организирани средби со германскиот државен секретар, група на шведски пратеници како и амбасадорот на САД во Република Северна Македонија со фокус на политиките за рурален развој и поддршката за жените фармери. Во текот на овие посети беа реализирани средби со индивидуални земјоделци на фармите на Зорица Димова од с.`Ржаничино, Скопско; Васка Мојсовска од с.Тимјаник, Неготинско, и Милена Ангелова од с.Паликура, Кавадаречко.

**Учество на земјоделски и рурални саеми**
НФФ активно учествуваше на повеќе саеми, вклучувајќи:
1. Саем „Храбри и гласни" во организација на Министерството за труд и социјална политика во с. Кривогаштани, Прилеп на која учествуваа 15 оператори за храна, членки на НФФ.
2. Саем во Крива Паланка на кој учество земаа 7 оператори со храна, членови на НФФ. Саемот беше во организација на општина Крива паланка
3. Агро Саем - Струмица каде што учествуваа 10 мали оператори за храна, членови на НФФ. Саемот е во организација на Проагро Фармери
4.Саем организиран од страна на Слоу Фуд Македонија во Хотел Лимак – Скопје, каде што улествуваа 5 мали оператори за храна, членови на НФФ.
5. Саем на македонска храна и производи „Вкуси ја традицијата" во организација на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство одржан во населба Парк „Авионче", во Скопје со учество на 22 оператори за храна, членови на НФФ.
6. Саем на традиционална македонска храна „Домашно, природно, вкусно" во организација на НФФ во Скопје Сити Мол на кој учество земаа 28 оператори за храна, членови на НФФ.

Овие настани обезбедија можности за промовирање на земјоделските производи, економски развој на малите земјоделци, зајакнување на вмрежувањето и застапување за подобар пристап на пазарот за земјоделците.

**Воспоставување на Регионална платформа за економско и социјално зајакнување на руралните жени**
Со поддршка од шведската организација за развој We Effect, Национална федерација на фармери одигра важна улога за воспоставувањето на Регионална платформа за подобрување на економскиот и социјалниот статус на руралните жени во Западен Балкан. Координативните состаноци во Албанија и Босна и Херцеговина резултираа со развој на мисија, визија, четиригодишна стратегија, програма за активности и акционен план. Мултидимензионална анализа на сиромаштијата за руралните жени изработена од страна на НФФ во соработка со организациите од Албанија, Косово, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина беше презентирана на Првата

регионална конференција за зајакнување на руралните жени во целиот регион на Југозападна Европа која се одржа во Тузла.

**Учество во дискусии за политики за родова еднаквост**

Национална федерација на фармери учествуваше на панел дискусии организирани од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство во мај и ноември. Дискусиите се осврнаа на родовиот јаз во платите, сеопфатното сексуално образование (ССО) и економските предизвици со кои се соочуваат руралните жени. Овие 2 настани НФФ ги искористи за презентирање на горливитепрашања, проследени сопрепораки за креирање политики кон подобрување на родовата еднаквост во руралните средини.

**Соработка со Државниот завод за ревизија**

НФФ даде свој придонес во изработката на извештајот на Државниот завод за ревизија за родовата еднаквост и пристапот на руралните жени на пазарот на трудот од 2023 година. Овој извештајот ја нагласува важноста на вклучувањето на невладините организации во креирањето програми за поддршка на жените фармери, што ќе доведе до мерки за финансиска помош и воведување на породилно отсуство за регистрираните жени фармери што претставува особено значајно достигнување по 30 години лобирање и застапување. Исто така, НФФ учествуваше на серија консултативни состаноци пред објавувањето на извештајот во јануари 2024 година.

**Меѓународен ден на руралните жени 2024 година**

Со поддршка од шведската организација за развој We Effect и Шведкса по 17-ти пат, Националната федерација на фармери го организираше Меѓународниот ден на руралните жени. Настанот во 2024 година се одржа во селото Дихово, Битолско, со главните чинители на институциите и на граѓанското општество, меѓу кои и претседателката на Република Македонија, госпоѓа Гордана Силјановска-Давкова. Дискусиите го истакнаа подобрувањето на здравствената заштита и социјалната заштита за руралните жени, подобрувањето на руралната инфраструктура, обезбедувањето пристап до медицински услуги, правата за пензиско и породилно отсуство и зголемување на промоцијата на Програмата за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност. Во рамки на панел-дискусијата е истакнато дека потребно е подобрување на статистичката видливост на руралните жени во националните податоци за да се овозможи подобро креирање политики и системско решение за регистрираните индивидуални земјоделки. На настанот, со цел да се признае посветеност на работата за подобрување на економската и социјалната состојба на жените во руралните области, како и за успешноста на активните земјоделки, беа доделени сертификати на Рахела Транталовска,  Тања Орешкова, Весна Биљарска, Олга Јорданоска Грујоска,  Елена Карајанова, Ружа Стоимилова, како и на организациите кои имаат направено вистински придонес за руралните жени и жените во државата,како што е Националната мрежа против насилство и семејно насилство и Здружението „Радика Де”, од дебарскиот регион. На настанот присуствуваа претставници на институции и рурални жени од цела земја.

## ПРОЕКТ „ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ НА НФФ И ПОДОБРЕНИ ПАЗАРНИ ВРСКИ ЗА МАЛИТЕ ФАРМЕРИ И ПРОИЗВОДИТЕЛИ ОД РУРАЛНИТЕ ОБЛАСТИ СО ЦЕЛ ЗГОЛЕМЕН ПРИХОД“

Проектот „Организациски развој на НФФ и подобрени пазарни врски за малите фармери execuималите производители на храна од руралните области со цел зголемување на нивните приходи” е поддржан од Шведска и Шведската организација за развој We Effect. Очекуваните резултати од проектот се следниве: раст на претпријатијата во руралните средини, малите фармери да се

зголемат и да обезбедат повеќе приход и можности за вработување во руралните средини, а посебно за жените и младите и зголемен организациски капацитет и финансиска стабилност на НФФ. Фокусот е да се обезбеди организациски развој и финансиска одржливост, за да се продолжат лобирањата и активизмот на организацијата, но и да се развијат нови услуги што ќе обезбедат нови извори на приход.

**ЦЕЛ:** Преку повторно воспоставување и воведување на алтернативни пазарни врски за земјоделците, создавање центри за храна и обезбедување економски перспективи за ранливото население, кое ги вклучува жените, младите од руралните средини, се нудат решенија кои ќе го подобрат живеењето и ќе ги заштитат ранливите категории луѓе сега и во иднина.

**КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ 2024:**

**Организации на производители**

Групите на производители се препознаени од голем број фармери како потенцијал за економско здружување и подобрени врски со пазарот. Организациите на производители се формални ентитети кои им помагаат на земјоделските производители да ги максимизираат колективните деловни придобивки преку споделени ресурси, подобри преговори за цената и подобрено позиционирање на пазарот. Во моментов, нема формално регистрирани групи на производители. Сепак, финансиската поддршка и структурираното управување ги мотивираат производителите да ги формираат овие организации. Работилниците со малите земјоделци во оваа насока, илустрираа дека има и предизвици и можности, при што скептицизмот во голема мера произлегува од недостатокот на доверба, стравот од губење контрола и минатите неуспешни соработки. НФФ во 2024 организираше 8 работилници на кои присуствуваа земјоделци инаку членови на НФФ, кои се стекнаа со знаење што значат Групи на производители и како функционираат во ЕУ. Дополнително беа организирани уште 6 работилници со повеќе од 100 учесници кои се информираа за правните сегементи во делот на регистрација на групи на производите и подготовка на бизнис план за нивно признавање и работење. Повеќе од 86 учесници на работилниците веруваат дека проектот е одлична можност да се обезбеди поддршка и насочување на организациите на новите групи на производители во светлината на усогласувањето со ЕУ и претставувањето на глобалните предизвици на земјоделскиот пазар. Од осум потенцијални групи на производители кои треба да се формираат, шест веќе го започнаа процесот на подготовка во правна и во деловна смисла. Земјоделците значително го подобрија своето разбирање за значењето и заедничкото влијание на групите производители во земјоделството преку овие целни работилници. Овие работилници беа фокусирани на едукација на земјоделците за придобивките од колективната акција, како што се подобрен пристап до пазарот, споделени ресурси и подобра преговарачка моќ. Овие сесии за градење капацитет обезбедија практично знаење за формирање и управување со организации на производители, покривајќи теми како управување, финансиски менаџмент и маркетинг стратегии. Обуката исто така ја нагласува важноста на довербата и соработката, адресирање на заедничките грижи како што се губење на независноста и нееднакви придонеси.

**ПРОЕКТ „ПОДДРШКА НА ПАЗАРНИТЕ ВРСКИ ЗА РУРАЛНОТО НАСЕЛЕНИЕ СО АКЦЕНТ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ, РУРАЛНИТЕ ЖЕНИ И ДРУГИТЕ РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ"**

Проектот „Поддршка на пазарните врски за руралното население со акцент на лицата со почреченост, руралните жени и другите ранливи групи" е подржан од проект „Поддршка на

економската диверзификација на руралните области во Југоисточна Европа” (SEDRA II), поддржана од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

**ЦЕЛ:** Целта на проектот е да овозможи создавање на пазарни релации на руралното население, каде што ќе бидат вклучени и лицата со посебни потреби, жените и младите од руралните средини и другите ранливи групи, со цел да им се обезбедат можности за создавање нови или дополнителни работни места, како и можности за зголемување на нивните приходи. Подобрување на функционирањето на on - line платформата www.efarm.mk е дел од проектот и во моментот има 133 профили на земјоделци на платформата кои ги промовираат и продаваат своите производи и кои се квалитетни и одгледувани во еколошки здрава средина. Во рамките на проектот се подржа и реализацијата на регионален состанок на организации од регионот (Северна Македонија, Албанија, Косово, Србија, Црна Гора) во насока на креирање на регионална платформ за подобрување на економскиот и социјален статус на жените од руралните средини.

**КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ 2024:**
Во рамките на проектот во 2024 е подготвен „Прирачник за најдобри практики наменети за лица со попречености, жените и други ранливи групи во руралните средини “

**ПРОЕКТ "ПОДОБРУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА РУРАЛНИТЕ ЖЕНИ ПРЕКУ PROFILPASS”**

Проектот „Подобрување на вработливоста на руралните жени преку *ProfilPASS*” е поддржан од регионалните проекти „Социјално вклучување на ранливи групи во Западен Балкан” и „Поддршка на диверзификацијата на економските активности во руралните подрачја во Југоисточна Европа (SEDRA II) “спроведени од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ).

**ЦЕЛ:** Значаен допринос кон подобрување на социоекономскиот статус на руралните жени во Северна Македонија, преку ProfillPASS методологија преку која се идентификуваат вештините за генерирање на приходи и претприемачкиот потенцијал. Преку проектните активности се овозможува руралните жени да стекнат или препознаат и зајакнат постоечки вештини и компетенции согласно со потребите на локалниот пазар на труд или со неопходната поддршка и ресурси за започнување на сопствен бизнис. ProfilPASS е методологија која и овозможува на секоја личност да ги процени своите вештини и компетенции стекнати во текот на животот
ProfilPASS е методологија која и овозможува на секоја личност да ги процени своите вештини и компетенции стекнати во текот на животот. ProfilPASS вклучува портфолио кое се користи во процесот воден од сертифициран советник.

**КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ 2024:**

Во рамките на на овој проект беше организирана обука за 12 советнички и советници, членови на Националната Федерација на Фармери, за алатката „ProfilPASS за жени – Ние можеме!“. Во однос на критериумите за учество на оваа обука беше потребно апликантите да имаат завршено најмалку средно образование, искуство во работа со жени од ризични категории и други ранливи групи во руралните средини и секако да се членови на НФФ.

Преку јавен повик беа избарни 12 апликанти, членови на НФФ од кои 10 се жени и 2 мажи. Обуката за членовите на НФФ за советници ја држеа сертифицирани обучувачи за ProfillPASS од Центарот за доживотно учење до Скопје. По успешно завршената обуката, советниците добија поддршка

практично да ја спроведат методологијата на терен. Оваа методологија им помага на советуваните лица да се охрабрат, мотивираат и да ја осознаат нивната сопствена вредност и способности и ја поддржува нивната (ре)интеграција во образование и/или на пазарот на труд.

По обуката, советниците идентификуваа 36 рурални жени за менторство користејќи ја методологијата ProfillPASS за жени – „Ние можеме да го направиме тоа!“. Секој советник избра три жени врз основа на дефинирани критериуми, давајќи им приоритет на ранливите категории: невработени жени; жени со низок приход; млади жени со потенцијал за развој, вработување или започнување бизнис; жени фармери; жртви на насилство; девојчиња од земјоделски семејства, неактивни жени и неплатени семејни работници, жени со потенцијал за професионално усовршување; самохрани мајки, вдовици и слично. Имплементацијата на меторирањето започна кон крајот на декември 2023 година и продолжи до крајот на февруари 2024 година. Советниците спроведоа пет сесии со секој од нивните тројца учесници, документирајќи го процесот на советување преку формулари и записи од сесиите. Во текот на процесот на советување, советниците добија индивидуална и групна поддршка од сертифицираните тренери преку менторски сесии. Поединечни сесии се одржаа во текот на јануари и почетокот на февруари 2024 година, вкупно 24 поединечни сесии (1 час по сесија). На 16 февруари 2024 година се одржа групна сесија за подготовка на сертификати, во која беа вклучени обучувачи, советници, проект менаџерот на НФФ и претставник на ГИЗ.

На крајот на февруари и март 2024 година, беа идентификувани потребите за дополнителна едукација и поддршка за 36 рурални жени-кориснички менторирани преку методологијата ProfillPASS. Преку процесот на мапирање, беше утврдено дека е потребна обука за претприемништво и основно сметководство на фарма, личен раст и развој и дигитален маркетинг. Во рамките на поддршката, најголем интерес беше пројавен за опрема за преработка на овошје, зеленчук и млечни производи, како и за започнување индивидуални бизниси поврзани со грижа за стари лица, занаетчиство и образование на децата. Изборот на обучувачи и имплементација на 2 едукативни работилници (Скопје и Дебар) со три модули се случи од април до мај 2024 година, заедно со изборот и испораката на соодветна опрема во истиот период.
Меѓу април и јуни 2024 година, НФФ организираше шест информативни сесии со цел да ги едуцира жените земјоделки за достапните државни мерки мерки за поддршка. Вкупно 75 жени од регионите Преспа, Неготино, Берово, Струмица, Кочани и Прилеп учествуваа на овие сесии.

## ПРОЕКТ „РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ИНДУСТРИЈА ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ РЕГИОНИ ПРЕКУ ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА МЕНАЏМЕНТ И МАРКЕТИНГ“

Проектот „Развој на локалната индустрија во земјоделските региони преку зајакнување на капацитетите на менаџмент и маркетинг“, поддржан од страна на Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA), а се реализира преку Националната федерација на фармери.
**ЦЕЛ:** Основната цел на овој проект е поставување на модел за Едно село - Еден производ во село Тимјаник во Неготино преку производот маџун. Во позадината на оваа цел е идејата за промовирање на принципите и стратегијата на OVOP (Едно село - Еден производ) преку еден локален производ, конкретно преку маџунот, врз основа на акциски план на учесник од НФФ за воспоставување на оваа методологија во рурална заедници на нашата држава. Имплементацијата треба да доведе до натамошна стандардизација и брендирање, како и поставување на промоција

на обемот на целото село и дополнително препознавање на Тимјаник како село производител на маџун.

**КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ 2024:**
Како дел од тековните напори за подобрување на развојот на локалната индустрија во земјоделските региони, НФФ учествуваше во програмата JICA KCCP насловена како „Развој на локалната индустрија во земјоделските региони преку зајакнување на капацитетот на менаџмент и маркетинг". На обуката учествуваше Билјана Претровска - Митревска, проект менаџер во Национална федерација на фармери која разви акциски план насочен кон справување со предизвиците од несоодветно брендирање, промоција и маркетинг на локалните производи, со посебен фокус на маџунот во Неготинскиот регион. Овој акциски план, инспириран од концептот Едно село еден производ (OVOP), има за цел да го воведе овој пристап во Северна Македонија, конкретно насочен кон промоција на маџун во Неготино. За таа цел Националната федерација на фармери во месец октомври 2023 година ја организираше првата инфо работилница која се одржа во Неготино, каде што беше претставен моделот "Едно село – Еден производ," кој како пилот проект го опфати неготинското село Тимјаник и производството на маџун. Оваа метода првпат се имплементира во нашата држава во село Тимјаник и има за цел да се имплементира и во други региони за различни производи. Сите активности се спроведуваат во соработка со општината Неготино и локалното здружение "Шира," чии членки се рурални жени кои се посветени на производството на овој вкусен производ.

Помеѓу октомври и ноември 2023 година, Националната федерација на фармери (НФФ) и Јапонската агенција за меѓународна соработка (ЈИЦА) го спроведоа процесот за избор на тројца експерти за развој на стратегијата „Едно село, еден производ" (ОВОП) за маџун во Тимјаник. Оваа фаза вклучуваше ангажирање на тројца експерти за изготвување на стратегијата, а нивното назначување беше во декември 2023 година. Експертите до јануари ја подготвија стратегијата за маџун во село Тимјаник согласно методологијата „Едно село- еден производ ".

Потоа, во јануари 2024 година, Националната федерација на фармери (НФФ) во соработка со JICA иницираше процес за избор на двајца експерти за изработка на бизнис план за Здружението „Шира". Овој план е наменет за поддршка на здружението кое го сочинуваат 20 жени од с.Тимјаник во Неготинско, кои го произведуваат значајниот традиционален производ маџун. Оваа фаза вклучи ангажман на двајца експерти за изготвување на бизнис планот и маркетинг, со нивно назначување на 30 јануари 2024 година со време на подготовка од 30 дена.

Националната федерација на фармери, во партнерство со JICA, го иницираше процесот за избор на правен експерт кој помогна во регистрацијата на баркод за производот маџун. Согласно договорот, правниот експерт понуди поддршка и насоки во текот на процесот на регистрација на баркодот, кој вклучува подготовка на правни документи, поднесување апликации, разгледување на процедурите и добивање конечно одобрение. До 4 јуни 2024 година, GS1 ја заврши сертификацијата на баркод за маџун, давајќи ѝ ги на „Шира" сите потребни права за деловна употреба. Сите потребни документи и беа доставени до „Шира" на 11 јуни 2024 година, заедно со објаснување како да се користи системот GS1.Успешното сертифицирање на баркодовите за маџунот од „Шира", олеснето од стручни правни служби и поддржано од НФФ, ја истакнува клучната улога на баркодовите во модерната трговија, особено во земјоделскиот и руралниот развој.

Во април 2024 година, Националната федерација на фармери, во соработка со JICA, избра компанија која дизајнира и испечати 300 копии во боја од Стратегијата „Еден село – Еден производ" за маџун

и избра компанија за дизајн и принтање на 1000 копии за Прирачник со позитивни примери за методологијата „Едно село - еден производ”.

Со цел успешна промоција на овој проект беше подготвен банер кој се истакнуваше на сите настани кои се ораганизираа со цел промоција на методологијата „Еден село – Еден производ” и на маџунот како автентичен локален производ. Дополнително, во рамките на проектот беа изработени две видеа: едно подолго видео (5 минути) и едно кратко видео (35 секунди) кои беа емитувани на земјоделската емисија „Бразди” на Канал 5 и утринската програма на Канал 5 „Здраво Македонијо “, како и на социјалните медиуми на НФФ.

На 13 јуни 2024 година, беше одржана Национална работилница за резултатите од спроведениот проект на која беа поканети членовите на „Шира “и сите засегнати страни. Како значаен момент од оваа работилница треба да се истакне присуството на јапонскиот амбасадор во Република Македонија, г-дин Казујуки Отсука и г-ѓа Нагашима Маана претставни на JICA. За време на работилницата, Билјана Петровска-Митревска ги презентираше методологијата и резултатите од проектот Едно село-еден производ (ОВОП), додека Васка Мојсовска, претседател на здружението „Шира “, говореше за влијанието на проектот врз нивната организација. Благодарение на едукацијата, брендирањето и промоцијата добиени преку проектот, „Шира “сега успешно продава брендиран маџун на домашниот пазар.
Овој проект ја мотивираше локалната заедница да ги искористи своите ресурси и вештини за да создаде уникатен производ кој да се продава на домашниот и на меѓународниот пазар

## МЕДИУМИ

Во текот на 2024 година, НФФ имаше 180 медиумски објави и сите активности беа споделени на социјалните медиуми и веб-страницата на НФФ, овозможувајќи висока видливост и транспарентност.  Опсегот на посети на НФФ Facebook страната достигна и до 15.000 посети месечно. Во рамките на проектите е изработен и видео запис за методологијата „Едно село – еден производ“ и за медотологијата за ProfillPASS за жени спроведена со жените од руралните средини. Во исто време, во текот на годината, се објавија два броја од списанието „Моја земја”, со цел едукација и информирање на земјоделците за новините во земјоделството.

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

**НАЦИОНАЛНА ФЕДЕРАЦИЈА НА ФАРМЕРИ**

*ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ во МКД*

**период 01.01-31.12.2024**

| | | 2024 |
|---|---|---|
| **1** | **Приходи (вкупно)** | **15.505.345.00** |
| 1.1. | Приходи од проекти | 13,762,898.00 |
| 1.2. | Приходи од членство и услуги | 106,750.00 |
| 1.3. | Пренос на приходи за тековни активности од претходната година | 1,635,697.00 |
| **2** | **Расходи (вкупно)** | **11,724,668.00** |
| 2.1. | Трошоци за кирија | 296.640,00 |
| 2.2. | Режиски трошоци (струја, вода, парно, одржување, телефон, сметководство) | 836.974.00 |
| 2.3. | Канцелариски трошоци (материјал и опрема) | 139,984.00 |
| 2.4. | Патни трошоци | 672,490.00 |
| 2.5. | Социјални трансфери и персонален данок | 1,283,894.00 |
| 2.6. | Ангажирани лица | 2,661,030.00 |
| 2.7. | Даноци, провизии и амортизација | 132,657.00 |
| 2.8. | Активности | 5,700,999.00 |

Национална федерација на фармери
Улица „Пролет 10/1-1” Скопје
е-пошта: nff@nff.org.mk